-ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА -БИТОЛА-

Архивски број: 02-280/1
Датум: 08.11.2023 година

Врз основа на член 193 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 30, член 31, член 32, член 33, член 34 и член 35 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, ВД Директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на ден 08.11.2023 година објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
за формирање Совет на корисници

Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола врз основа на член 32, став 1 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола објавува јавен повик за формирање Совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 32, став 2 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола според кој за член на Советот на корисници може да биде избрано лице:

- корисник на права или услуги од надлежност на Установата;
- родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на Установата;
- лице кое не е осудено со правосилна судска пресуда;
- лице на кое не му е одземено родителското право;
- државјанин на Република Северна Македонија.

При поднесување на апликацијата лицето кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на Установата;
- потврда за неосудуваност;
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право;
- кратка биографија;
- мотивационо писмо;
- државјанство.

За избор на членови на Советот на корисници, директорот на Установата формира Комисија составена од 3 члена од редот на вработените стручни работници во Установата.

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена.

Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.

На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на Установата и по лично барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

-предлага програми за подобрување на работата и стандардите на Установата;

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2
Република Северна Македонија
+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

-предлага член на Управниот одбор од редот на своите членови;
-дава предлози и мислења до директорот и Управниот одбор за други прашање што се од интерес за корисниците и Установата.

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловник за работа на Советот на корисници.

Јавниот повик за формирање Совет на корисници се објавува на веб страната на Установата и на огласна табла во Установата.

Рокот за доставување на потребната документација како доказ за исполнети услови за член на Советот на корисници изнесува 10 (десет) работни дена, сметано од денот на објавувањето на јавниот повик.

Заинтересираните кандидати, потребната документација треба да ја достават во хартиена форма во архивата на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола или по пошта на адреса: Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на ул.„Младински Бригади„ бр. 2 Битола. Кандидатите се должни на ковертот да наведат: „Јавен повик за формирање Совет на корисници“.

Ненавремено доставена документација нема да се разгледува.

ВД Директор
Анета Талевска

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2
Република Северна Македонија
+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com